Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број : 0801-284/8
29-11-2021 Година

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација број 08-284/1 од 28.09.2021 година, поднесена од [redacted] од Скопје преку полномошник-адвокат [redacted] од Скопје, [redacted], застапуван од извршната директорка [redacted] и [redacted] застапувано од претседателката [redacted], против КПУ-КПД Идризово Скопје, за извршена директна дискриминација врз основа на попреченост и повреда на правото на еднаквост и нееднаков третман при уживањето на правата од здравствена заштита при издржувањето на затворската казна во оваа установа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на чл.21 став 1 точка 14 и член 27 ставови 1 и 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20), на 29.11.2021 година го донесе следново

## М И С Л Е Њ Е

**Се утврдува директна продолжена дискриминација** врз основа на попреченост и повреда на правото на еднаквост и нееднаков третман при уживањето на правата на здравствена заштита од примарно, секундарно и терцијално ниво при издржувањето на затворската казна, извршена од страна на КПУ-КПД Идризово Скопје.

## *О б р а з л о ж е н и е*

На 28.09.2021 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, поднесена е претставка за заштита од дискриминација од [redacted] од Скопје преку полномошник-адвокат [redacted] од Скопје, [redacted] застапуван од извршната директорка [redacted] и [redacted], застапувано од претседателката [redacted], против КПУ-КПД Идризово Скопје, за извршена директна дискриминација врз основа на попреченост и повреда на правото на еднаквост и нееднаков третман. По оваа претставка оформен е предмет под број 0801-284/1.

Во истата, подносителите наведуваат дека при издржувањето на казната согласно Пресуда бр. 3КОК бр.75/18 и 3КОК бр.65/19 од 30.09.2019 година донесена од Основниот кривичен суд Скопје, осуденото лице [redacted] од Скопје, кој е на издржување затворска казна во траење од седум години во оваа установа, како лице со траен инвалидитет, не може непречено да ги извршува своите секојдневни активности, да ги извршува најосновните физиолошки потреби на нормален и достоинствен начин, како и да ја добива неопходната физикална и хидро терапија што му е неопходна како лице со 100% инвалидитет, поради неприспособеноста на инфраструктурата во оваа затворска установа. Во претставката се наведува дека тоалетите биле претесни за лицето да може да пристапи до нив со својата инвалидска количка, а не може ниту да се тушира поради неприспособеност на делот каде се наоѓаат тушевите, па се тушира во отворените делови каде затворениците вршат нужда, изложено на погледите на другите присутни, без никаква


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

интимност. Дополнително, на лицето иако му е препишана редовна физикална и хидро-терапија, во установата не постои можност да ги добива таквите здравствени услуги. Поради неприспособеноста на инфраструктурата во установата, лицето не може да пристапи ни до затворската амбуланта.

Согласно наводите содржани во претставката, врз основа на член 26 од ЗСЗД, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека подносителите ги направиле своите тврдења веројатни со што товарот на докажување премина на КПУ-КПД Идризово Скопје, како лице против кого е поднесена претставката. Согласно чл. 24 став 7 од Законот, КСЗД на 04.10.2021 до установата достави барање за произнесување по тврдењата на подносителите на претставката.

На 08.10.2021 година, до архивата на КСЗД пристигна одговор на барањето за изјаснување од страна на КПУ-КПД Идризово, со арх.бр.03-11332/2, во кој се наведува дека лицето [redacted] бил сместен во затвореното одделение во одделениеto амбуланта, објект за кој и самиот КПУ-КПД тврди дека е изграден пред многу години, па во дописот се наведува следново: *поради недостиг на финансиски средства иако објектот бил реновиран во повеќе наврати, но без некои значајни промени во инфраструктурата во насока на подобрување на условите за живот на затворениците, особено на оние со одредена попреченост (соодветен приод до и од установата, соодветни тоалети и бањи)* ***поради што ова лице е третирано на начин на кој е споменат.***

Во дописот се наведува дека надлежниот воспитувач ги известил дека [redacted] бил потпомогнат во извршувањето на секојдневните активности од страна на неговиот брат со кого заедно издржуваат казна и дека му понудиле на [redacted] да биде преместен во ново полуотворено одделение во кое, како што напоменуваат, имало посоодветни услови (пристап до објект, соодветни тоалети и бањи) но тој ја одбил понудата, за што потпишал и изјава, која беше доставена во прилог на дописот. КСЗД констатираше дека изјавата што ја потпишал подносителот е без датум, па не може да се утврди во кој период му била дадена понудата за преместување.

Дополнително, во дописот за произнесување е потенцирано дека согласно Законот за извршување санкции (Сл.весник бр.99/19 и 220/19) здравствената заштита на осудениците е во надлежност на ЈЗУ Здравствен дом Скопје, но укажуваат дека повремено се случувало да има недостаток на лекови и попреченост на осудените лица да користат здравствена заштита на секундарно и терцијално ниво поради протоколите и мерките против КОВИД-19. Во КПУ-КПД Идризово во моментот здравствена заштита на осудениците им овозможуваат 1 лекар, 1 стоматолог и 2 медицински сестри, кои истовремено опслужуваат и голем број зависници во Метадонскиот центар.

Согласно член 29 став 1 (Сл.весник на РСМ бр.258/2020), Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 18.10.2021 година изврши непосреден увид во просториите на КПУ-КПД Идризово Скопје за што е направен и Записник од извршен увид, бр.0801-284/5. Присутните членови на КСЗД на увидот од директорот на установата побараа лично да се сретнат со Керамичиев, за да ги потврдат наводите од неговата Изјава и непосредно да ја увидат состојбата на објектот во кој престојува. При средбата, членовите


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

на КСЗД констатираа дека истиот е сместен во објект чија инфраструктура е многу стара, целосно неприспособена за неговите специфични потреби, со забележително субстандардни хигиенски услови, односно објект кој комплетно не е приспособен за потребите на лица со физичка попреченост. На средбата со членовите на КСЗД подносителот потврди дека одбива да биде преместен во Новото одделение затоа што на тој начин би бил разделен од неговиот брат, а е целосно зависен од неговата помош при извршувањето на секојдневните активности и при остварувањето на основните физиолошки потреби.

На 26.10.2021 година, КСЗД испрати барање до ЈЗУ Здравствен дом Скопје, Служба за здравствена заштита за потреби на осудените и притворените лица, со барање за достава на копија од здравствената документација што ја имаат за [redacted]

Здравственото досие покажува дека [redacted] по доживеана сообраќајна несреќа во 2009 година, се здобил со политраума, а како последица на истата останал со 100% инвалидитет, односно е лице кое се движи со помош на медицинска количка и кое не може да ги контролира сфинктерите. Според Наод и мислење бр. 5635/11 од 23.02.2011 од страна на ЈЗО Завод за физикална медицина и рехабилитација Скопје, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје, на 08.03.2011 му издал Решение бр. 3007-2 во кое [redacted] се категоризира како лице со најтешка телесна инвалидност. На 13.08.2020, ПЗУ „Ортомедика" од Скопје издале стручно мислење, заверено под бр.2114, потпишано од Прим.Д-р. [redacted], ортопедски хирург, Д-р [redacted], ортопедски хирург и Д-р [redacted], спец. по ортопедија, во кое наведуваат дека лицето [redacted], поради здравствената состојба, има **неопходна потреба од константна нега на трето лице, поради што не е во медицинска можност да ја отслужува затворската казна со оглед на условите во затворските установи во државата.**

Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20) во членот 5 утврдува забрана за вршење на дискриминација по која било дискриминаторска основа, вклучително и по основ на попреченост. Во членот 6 од Законот, дискриминација претставува *секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.* ***Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.***

Во Законот за извршување на санкции (Сл.весник бр. 99/19 и 220/19), во членот 4 став 2 се дефинира забраната за вршење дискриминација по која било дискриминаторска основа на лицето спрема кое се извршува санкцијата. Членот 6 од истиот Закон, гласи: ***Со лицата спрема кои се извршуваат санкциите се постапува човечно, со почитување на човековата личност и достоинство, зачувување на нивното телесно и душевно здравје, водејќи притоа сметка за остварување на целите на одделни санкции и мерки.*** Во членот 15 ставови 1 и 2 од тој Закон, е наведено: ***(1) При извршувањето на казната затвор мора да се заштити психофизичкиот и моралниот интегритет на осуденото лице и да се почитува човековата личност и достоинство. (2) Се забранува секој облик на мачење, нечовечно или понижувачко однесување и казнување.***


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Правото на здравствена заштита е гарантирано на секое лице кое е упатено на издржување на казна во членот 182 од ЗИС, а во истиот член ставот 3 го обезбедува правото на осуденикот на секундарно и терцијално ниво на здравствена заштита. Членот 183 ја дефинира обврската на установата секое лице при прием во установата каде ќе ја издржува санкцијата, да биде прегледано од лекар кој треба да ја утврди здравствената состојба на осуденото лице при приемот, пред да биде сместено во некој од објектите во установата.
Република Северна Македонија во 2011 година ги ратификуваше **Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност и Факултативниот протокол кон истата** (Сл.весник на РСМ бр. 172/11) со што тие станаа дел од нашиот правен поредок. Членот 3 од Конвенцијата, ги дефинира основните начела на истата, меѓу кои ги издвојуваме следниве: ***почитување на вроденото достоинство и индивидуалната автономност, индискриминацијата, рамноправните можности и пристапот.***
Членот 5, точките 2 и 3 гласат:
***2. Државите забрануваат секаква дискриминација врз основа на инвалидност и им гарантираат на лицата со инвалидност еднаква и ефикасна законска заштита од дискриминација на секаква основа.***
***3. Со цел промовирање на рамноправноста и елиминирање на дискриминацијата, државите ги преземаат сите соодветни чекори да осигурат дека е обезбедено разумно прилагодување.***
Во членот 17 од Конвенцијата се гарантира правото на заштита на интегритетот на личноста на лицата со попреченост: ***Секое лице со инвалидност има право на почитување на неговиот или нејзиниот физички и ментален интегритет на еднаква основа со другите.***
Конвенцијата во членот 22 ја утврдува и заштитата ***на правото на приватност на лицата со попреченост.***
Во Препораката Rec(2006)2[1] на Комитетот на министри при Советот на Европа, дефинирани се **Европските затворски правила**, кои се темелат врз наодите детектирани во извештаите на Европскиот комитет за спречување на тортура односно мачење, нечовечно и понижувачко постапување или казнување. Основни начела на Европските затворски правила, меѓу повеќето се:
***1. Со сите лица лишени од слобода се постапува со почитување на нивните човекови права.***
***2. Лицата лишени од слобода ги задржуваат сите права кои не им се законито одземени со одлука со која се осудени или со која се задржуваат во притвор.***
Во конкретниот случај КСЗД, особено ја потенцира важноста на точката 4, која гласи:
**4. Затворските услови кои ги загрозуваат човековите права не можат да се оправдаат со недостаток на материјални средства.**
Во оваа Препорака, се укажува и на стандардите што треба да ги исполни секоја установа во која престојуваат лица кои во затвор или притвор. Условите за сместување на затворениците, особено просториите за спиење треба да се во насока на заштита на човековото достоинство и колку што е можно треба да се почитува приватноста:

[1] https://rm.coe.int/16807082a2


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

***19.3 Затворениците треба да имаат пристап до санитарни простории, кои треба да бидат хигиенски и да ја почитуваат приватноста.***

***19.4 Во затворот треба да се обезбедат услови секој затвореник да може да се истушира или искапи на температура која е прикладна на климатските услови, доколку е можно секој ден или најмалку двапати седмично (или почесто доколку е потребно) во интерес на општата хигиена.***

Во Препораката Rec (1998) 7[2] од страна на Комитетот на министри при Совет на Европа за етичките и организациските аспекти на здравствената заштита во затворите[3], се потенцира следново:

***Несоодветно ниво на здравствена заштита може брзо да доведе со состојби кои се опфатени со терминот „нечовечно и понижувачко постапување." Неприфатливо е да се присилуваат осудените лица да престојуваат во установа во која не може да добијат соодветен третман заради немање соодветни капацитети или затоа што таквите капацитети, односно установи одбиваат да ги примат за третман. Во неколку вакви ситуации, Европскиот суд за човекови права утврдил повреда на членот 3 од Европската конвенција за човекови права.***

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, утврдувајќи ја фактичката состојба од севкупната документација во предметот, извршениот непосреден увид во затворот како и имајќи ги предвид одредбите од цитираните меѓународни договори и инструменти за заштита на човечките права, утврди дека КПУ-КПД Идризово, како затворска установа каде лицето [redacted] ја издржува својата затворска казна, уште при приемот во установата на 08.06.2020 година, воопшто не ја зел предвид неговата здравствена состојба и посебни потреби што биле нотирани во неговото лично здравствено досие. Сместувањето на подносителот во објект кој нема минимум стандарди за престојување на лице во инвалидска количка во поглед на приспособеноста на инфраструктурата за негово слободно движење со количката и извршување на секојдневните активности и основни физиолошки потреби, според Законот за спречување и заштита од дискриминација претставуваат дискриминација. Неприспособеноста на инфраструктурата кон посебните потреби на [redacted] при пристапот до затворската амбуланта каде што може да добие примарна здравствена заштита, лошата организираност на здравствената служба во затворот, ограничувањето во користењето на неопходните здравствени услуги на секундарно и терцијално ниво, како и неможноста да добива константна нега од трето лице значат оневозможување на пристап до здравствени услуги што се неопходни за човек во негова здравствена состојба, што исто така е дискриминација. Со оглед дека оваа состојба трае од неговото упатување на издржување на затворската казна на 08.06.2020 (нотирано во здравствениот картон бр.14399) до денес, значи дека Керамичиев подолго време е изложен на дискриминаторски активности, што според член 4 точка 12 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставува продолжена дискриминација. Членот 13 од

[2] https://rm.coe.int/09000016804fb13c
[3] https://rm.coe.int/prison-healthcare-and-medical-ethics-mk/1680a0a474


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Законот, продолжената дискриминација ја квалификува како потежок облик на дискриминација.
Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја издава следнава

## ПРЕПОРАКА

**Се препорачува** директорот на КПУ-КПД Идризово Скопје, во согласност со чл.31 став 1 и став 2 алинеја 1, 2 и 8 од Законот за извршување на санкции, како надлежно лице за функционирањето на целата установа и како одговорно лице за остварување на правата на осудените лица, во најкраток можен рок, но не подолг од 30 дена, да преземе мерки и активности за да му обезбеди на осуденото лице [redacted] сместување во објект во кој ќе може без никакви препреки да се движи во својата инвалидска количка и да ги извршува своите секојдневни активности и физиолошки потреби, во соодветни хигиенски услови.
Со оглед што здравствената документација што ја поседува Керамичиев недвосмислено констатира неопходност од константна нега од трето лице, **се препорачува** директорот да му го обезбеди и тоа право, како и правото на непречен пристап до здравствени услуги од примарно, секундарно и терцијално ниво. На ваков начин, би овозможил отстранување на повредата на правото на еднаквост и би се отстранила констатираната директна продолжена дискриминација кон ова лице. По целосното исполнување на оваа препорака, директорот треба писмено да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, во посочениот рок.
Согласно член 27 став 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, лицето кон кое е упатена препораката **е должно** да постапи по истата, а доколку не постапи, согласно став 4 од чл.27, Комисијата ќе поведе прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседателка
Весна Бендевска

Скопје, 29.11.2021

Доставено до:

- Адвокат [redacted], полномошник на [redacted]
- [redacted], Скопје
- [redacted], Скопје
- КПУ-КПД Идризово Скопје, с.Идризово, 1040 Мацари, за директор Јовица Стојанов


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk